Бр./Nr 12-294/2

17-06-2024 god.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-тата седница одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-294/1 од 18.01.2024 година, со наводи за незаконско градење, узурпација на земјиште во државна сопственост и незаконитости сторени од страна на службени лица од Општина ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-294/1 од 18.01.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 18.01.2024 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско градење, узурпација на земјиште во државна сопственост и незаконитости сторени од страна на службени лица од Општина ///, и оформен е предмет број 12-294/1 од 18.01.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни службени лица и дејствија, изнесува наводи за незаконска изградба на објект од страна на инвеститор - физичко лице, на земјиште во државна сопственост кое се наоѓа на автопатот ///. Притоа, подносителот во пријавата не навел податоци поврзани со конкретната локација на која се однесуваат наводите, ниту податоци за конкретниот предмет во Општина /// во чии рамки, според наведеното во пријавата, биле преземени

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

дејствија од страна на службени лица од Општина ///, во насока на незаконско овозможување на легалитет на објектот.

Од содржината на пријавата врз чија основа е оформен предметот со број 12-294/1 од 18.01.2024 година, произлегува дека за опишаните наводи подносителот ги известил Општина ///, МВР – СВР /// и ОЈО ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се изнесени јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Истовремено, за случајот нема доволно податоци со кои пријавените наводи би се конкретизирале, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите од причина што пријавата е анонимна. Следствено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК